Сојуз за младинска работа

# Наративен извештај за активностите на Сојуз за младинска работа 2018

## Квалитетна младинска работа- рамка за иден развој на младинската работа

Со поддршка на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност, во соработка со Агенција за млади и спорт и Национален младински совет на Македонија, во 2018 година, следејќи ги одредбите од Националната стратегија за млади, СМР го започна процесот на изработка на Национални стандарди за квалитет во младинската работа и Националното портфолио за младински работници.

Процесот опфати воведна конференција во ЕУ инфо центар каде претставници на СМР; АМС, НА и Националниот младинкси совет на Македонија, Коалиција СЕГА, претставници на Националната асоцијација на практичари на младинска работа НАПОР од Србија, зборуваа за младиснката работа, зиното значење и потребата од нејзина стандардизација и професионализација и опставување на рамка за осигурање на квалтет на истата како и за проектот, неговите задачи и очекуваните резултати од истиот.

После воведната конференција СМР спроведе 2 консултативни регионални средби во Штип, Гостивар, на кои присуствуваа младински работници, млади, претставници на национални институции и институции активни на локално ниво, претставници на комплементарните професии како социјални работници, педагози, обучувачи, психотерапевти и слично. Целта на средбите беше да да стимулира дијалог меѓу младите, младинските работници, помагателните професии и донесувачите на одлуки, за значењето на поставување на Рамка за квалитет и Портфолио за младинска работа како и да се соберат насоки за подготовка на финалните документи.

Проектот продолжи и во 2019 година со спровеување на уште 2 консултативни средби во Битола и Скопје и се очекува во март да резултира со подготовка на споменатите документи кои треба да постават рамка за следење и унапредувње на квалитетот на мадинската работа во Македонија и проценка и унапредување на способностите на младинските работници.

Покрај ова, СМР работеше на промоција на младинската работа на социјалните медиуми и преку гостување во серија на ТВ емисии.

Претседател,    28.02.2019, Скопје

Весна Илиевска